| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Детски игри |
| **Содржина на денот** | ,,Лавиринт до кругот, квадратот и триаголникот“ |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Сања Ѓуреска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Усвојување на хигиенски навики за здраво и безбедно однесување во градинка, во домот и надвор. |
| **Активности** | 1. Разговор за формите – квадратна, триаголна и кружна.<br>Активноста започнете ја со разговор за предметите кои се наоѓаат во вашиот дом. Поттикнете го детето да ги набљудува, именува и опишува ( боја, форма, изглед, големина итн.).<br>Потоа насочете го детето да препознае каква форма може да направи со своето тело.<br>-Игра во дворот ,,Лавиринт до кругот, квадратот и триаголникот“<br>Во дворот или на некој плочник нацртајте лавиринт со геометриски форми со креди во различна боја. Кажете ги правилата на играта и започнете со истата, така што детето ќе треба да го најде патот до соодветната форма. Откако ќе ја пронајде да ја именува и да ја каже нејзината боја.<br>-Активноста завршете ја со апликација од готови форми од самолеплива хартија ( триаголна, квадратна и кружна форма), така што детето ќе ги аплицира формите на лист од блок и ќе изработи нешто по негова желба, на пр. воз, автомобил, куќа и др.<br>Во текот на ликовната игра поставувајте му прашања на детето: *Која е оваа форма“?<br>*Каква е нејзината боја“? и сл.<br>Секогаш охрабрувајте го детето се до завршување на активноста.<br>На крајот пофалето го детето за изработката. |